**НОВИ ДИЈАЛОЗИ**/ ПРОГРАМА: **ТАЛЕНТ**
ИЗЛАГАЊЕ НА МАРИЈА ЃОРЃИЕВСКА

На 19.10.2017 година, со почеток во 18 часот, на Архитектонскиот факултет во Скопје се одржа првиот од серијата планирани излагања во рамки на воннаставната платформа „Нови дијалози“.
Во рамки на програмата „Талент“, свое излагање имаше Марија Ѓорѓиевска, поранешен студент на Архитектонскиот факултет во Скопје, која по комплетирањето на втората студиска година своето образование го продолжила на Универзитетот на град Њујорк, САД.
Во своето излагање, Ѓорѓиевска го отвори глобално актуелното прашање на одржливоста на архитектонските градби и одржливоста како компонента на проектниот процес, споделувајќи ги со присутните своите истражувачки искуства од работата на својот дипломскиот проект, како и своите практични искуства од работата во бирото Ryall Sheridan Architects во Њујорк, каде во моментот е вработена.
По нејзиното јасно и впечатливо излагање следуваше дискусија во која земаа учество повеќе студенти и наставници од Архитектонскиот факултет во Скопје.
Излагањето на Ѓорѓиевска се одржа во јужниот хол на вториот кат од факултетскиот објект, кој за потребите на предавањето беше адаптиран во камеренаудиториум.